10.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

ПРАВИЛНИК
ЗА УСЛОВИТЕ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА ЦЕНТАРОТ ЗА ОБУКА НА ВОЕНИ ПИЛОТИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА ОСПОСОБЕНОСТ ЗА ОБУКА, ВИДОВИТЕ НА ОБУКИТЕ И ДРУГИТЕ РАБОТИ КОИ ГИ ИЗВРШУВА

-Скопје, 2012 година-

Scanned by CamScanner

Врз основа на член 140 став 1 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр.14/06, 24/07, 103/08 и 67/10), министерот за одбрана, донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА УСЛОВИТЕ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА ЦЕНТАРОТ ЗА ОБУКА НА ВОЕНИ ПИЛОТИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА ОСПОСОБЕНОСТ ЗА ОБУКА, ВИДОВИТЕ НА ОБУКИТЕ И ДРУГИТЕ РАБОТИ КОИ ГИ ИЗВРШУВА

1. Основни одредби

Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат условите кои треба да ги исполнува Центарот за обука на воени пилоти (во натамошниот текст: Центарот) за издавање на уверение за оспособеност за обука на воени пилоти, (во натамошниот текст: уверение за оспособеност), раководната структура и стручниот кадар кој ја спроведува обуката, видовите на обуките и издавање сертификати на кандидатите кои ги завршиле обуките и другите работи кои ги извршува Центарот.

Член 2

Воени пилоти во смисла на овој правилник се воени летачи кои се оспособени и обучени да управуваат со воени воздухоплови во улога на член на екипаж, (во натамошниот текст: воени пилоти).

2. Условите кои треба да ги исполнува Центарот за издавање на уверение за оспособеност

Член 3

Центарот е организација за летачка обука (Flying Training Organization – FTO) на која и е издадено уверение за оспособеност за спроведување на интегрирана, модулирана, теоретска и практична обука на воени пилоти до ниво на трета категорија на стручна и борбена оспособеност.

Член 4

За издавање на уверение за оспособеност, Центарот доставува барање до Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството).

Со барањето за издавање на уверение за оспособеност од ставот 1 на овој член, Центарот ги доставува и следните документи:

Scanned by CamScanner

-решение за регистрација за вршење на обука издадено од надлежен орган, домашно или странско правно лице, доколку има,

- Прирачник за работа на Центарот за обука,
- Прирачник за обука во Центарот за обука,
- Прирачник за системот на квалитет на Центарот за обука,

-список на персоналот кој ја изведува теоретската и практичната обука, стручната подготовка и видовите на дозволи и овластувања кои им се издадени,

-наставни планови за сите видови на обука усогласени со програмите за обука на воени пилоти,

-попис и скица на просториите каде се изведува обуката, податоци за опремата, уредите, нагледните средства и средствата за спроведување на обуката,

-список на воздухоплови и уреди за симулирано летање на кои се обучуваат кандидатите, со податоци за тип, модел и опрема и

- список на стручна литература.

Член 5

Во Прирачникот за работа на Центарот се определува раководната структура на Центарот.

Во Прирачникот за обука на Центарот се пропишуваат условите кои треба да ги исполнуваат кандидатите за обука.

Изгледот и содржината на Прирачниците од ставот 1 и 2 на овој член на предлог на Центарот, ги одобрува Министерството, Службата- Воено воздухопловен авторитет.

Член 6

Врз основа на поднесеното барање за издавање на уверение за оспособеност од членот 4 на овој правилник, Министерството, Службата -Воено воздухопловен авторитет на Центарот му издава уверение за оспособеност.

Уверението за оспособеност од ставот 1 на овој член, содржи: назив и седиште на Центарот, број на уверението под кој е издадено, програмите за обука, датум на издавање на уверението, потпис и прилог кон уверението.

Прилогот кон уверението од ставот 2 на овој член, содржи податоци за раководната структура на Центарот, одобрени прирачници, воздухоплови за обука, датум на издавање и потпис.

Формата и содржината на уверението за оспособеност, како и прилогот кон уверението, се дадени во Прилог број 1, кој е составен дел на овој правилник.

Scanned by CamScanner

3. Раководна структура и стручен кадар кој ја спроведува обуката

Член 7

Раководната структура на Центарот, определена во Прирачникот за работа од членот 5 став 1 на овој правилник, е одговорна за спроведување и надзор над обуката во Центарот.

Раководната структура на Центарот за обука се состои од:

-раководител на Центарот за обука (Head of training – HT),

-раководител на практична обука (Chief Flying Instructor – CFI),

-раководител на теоретска обука (Chief Ground Instructor – CGI) и

-менаџер за квалитет на обука (Quality Manager – QM).

Раководителот на Центарот за обука (Head of training – HT) за стручно специјалистичкиот дел од обуките е одговорен пред Министерството, Службата- Воен воздухопловен авторитет.

Член 8

Раководител на Центарот за обука (HT) е лице кое поседува летачка дозвола и овластување за инструктор за највисоко ниво на обука на пилоти, за кое на Центарот му е издадено уверение за оспособеност.

Член 9

Раководителот на практична обука (CFI) е лице кое поседува летачка дозвола, овластување за инструктор на најмалку еден тип на воздухоплов што се користи во обуката.

Раководителот на практична обука (CFI) е одговорен за спроведување и надзор над практичната обука, како и за работата на инструкторите по летање.

Член 10

Инструкторот за практична обука е лице кое поседува летачка дозвола и овластување за инструктор за видот на обуката која ја спроведува.

Член 11

Инструкторот на уредот за симулирано летање е лице кое поседува едно од овластувањата, инструктор по летање, инструктор по летање на тип на воздухоплов или инструктор по летање на уред за симулирано летање.

Член 12

Раководителот на теоретска обука (CGI) е лице со висока стручна спрема и искуство во спроведување на теоретската обука.

Scanned by CamScanner

Раководителот на теоретска обука (CGI) е одговорен за спроведување и надзор над теоретската обука, како и за работата на инструкторите за теоретска обука.

Член 13

Инструкторот за теоретска обука е лице со висока или средна стручна спрема, кое има стручно знаење од областа која ја предава и завршена обука за методика за изведување на настава или искуство во изведување на настава од најмалку една година.

Член 14

Менаџерот за квалитет на обука (QM) е лице со висока стручна спрема кое има искуство во обука или школување на пилоти.

Менаџерот за квалитет на обука (QM) се грижи за примена на стандардите во обуката, придржување кон постоечките стандарди и планирање, ~~го цел~~ за подобрување на квалитетот на обуката.

4. Видови на обуки и издавање сертификати на кандидатите кои ги завршиле обуките

Член 15

Во Центарот се спроведува теоретска и практична обука за воени пилоти.

Теоретската обука се изведува во групи во кои не може да се обучуваат повеќе од 12 кандидати.

Практичната обука која се состои во летање, се изведува во група во која не може да обучуваат повеќе од тројца кандидати истовремено.

Член 16

За секој вид на обука постои Програма за обука која ја донесува Центарот, по претходна согласност на Министерството, Службата- Военo воздухопловен авторитет.

Програмата за обука од ставот 2 на овој член, содржи детално и редоследно опишани фази на теоретска и практична обука, со попис на вежби и елементи.

Врз основа на Програмата за обука, Центарот изработува неделни и месечни планови и распоред за обуката по фази.

Фазите на теоретската обука треба да се распоредени така што кандидатите можат стекнатото теоретско знаење да го користат во практичната обука.

Scanned by CamScanner

Член 17

За изведување на практична обука Центарот обезбедува потребен број на воздухоплови од соодветна категорија и намена, во зависност од видот на обуката.

Член 18

Заради изведување на практична обука, Центарот обезбедува аеродром на базирање и најмалку еден алтернативен аеродром или леталиште или терен.

Член 19

За спроведување на теоретската обука, Центарот обезбедува:

-соодветни училници според бројот на кандидатите на обуката,

-соодветни нагледни средства, опрема, уреди и средства потребни за спроведување на наставата и

-библиотека со публикации кои одговараат на програмите и плановите за обука.

Член 20

Теоретската обука се состои најмалку од предметите:

1. Воздухопловни прописи, правила, постапки и процедури
2. Теорија на летањето (аеродинамика и механика на летање)
3. Метеорологија
4. Навигација
5. Радионавигација
6. Познавање на воздухопловот
7. Човечки способности и ограничувања
8. Комуникации (употреба на англиски јазик и фразеологија)
9. Теорија на гаѓање, ракетирање и бомбардирање и
10. Борбени тактички постапки

Член 21

За секоја обука пред нејзиното спроведување, Центарот писмено го известува Министерството, Службата- Воено воздухопловен авторитет, за започнување на спроведување на обуката, распоредот на обуката, а по завршувањето на обуката поднесува писмен извештај за нејзиното спроведување.

Член 22

Центарот на секој кандидат кој успешно ја завршил обуката му издава сертификат кој содржи:

Scanned by CamScanner

- назив на Центарот и број на уверението за оспособеност,
- реден број кандидатот под кој се води во регистарот,
- лични податоци за кандидатот,
- податоци за видот на обуката која ја завршил,
- дата на започнување и завршување на обуката,
- реден број од евиденцијата на издадени сертификати и
- општ успех кој го постигнал на обуката.

5. Други работи кои ги извршува Центарот

Член 23

Центарот ги извршува следните работи:

-води дневник за теоретска обука,

-води регистар на кандидати за практична обука,

-води персонално досие за секој кандидат кој ја посетувал обуката,

-води дневни планови за практична обука,

-води евиденција за летање на кандидатите,

-води евиденција на налози за самостојни летови,

-води евиденција за несреќи и инциденти во текот на обуката,

-води евиденција за издадени сертификати за завршена летачка обука и уверенија за оспособеност и

-обезбедува литература за теоретска и практична обука, вклучително и материјали за подготовка и спроведување на испитите.

Член 24

Во регистарот на кандидати за практична обука се внесуваат основните податоци за кандидатот, здравствената состојба, податоци за инструкторот кој ја вршел обуката, положените испити и степенот на оспособеност на кандидатот.

Регистарот од ставот 1 на овој член на Центарот, го одобрува Министерството, Службата -Военo воздухопловен авторитет.

Член 25

Центарот за секој кандидат кој се обучува води персонално досие.

Персоналното досие од ставот 1 на овој член содржи: лични податоци за кандидатот, пријава за обука, решение за прием на обуката, лекарско уверение, потврда за упис во регистарот, картон за евиденција за практичната обука, заклучоци на инструкторите за напредувањето во обуката, податоци за проверките во воздух и на земја, податоци за положените испити и други потребни податоци.

Scanned by CamScanner

Персоналното досие од ставот 1 на овој член, Центарот го чува најмалку пет години од завршувањето на обуката на кандидатот.

Член 26

Центарот доставува годишен извештај за својата работа до Министерството, Службата -Военo воздухопловен авторитет, а на нивно барање доставува и вонредни извештаи за работа.

6. Завршни одредби

Член 27

Заради вршење контрола над работата на Центарот, Министерството, Службата- Военo воздухопловен авторитет, врши надзор над изведување на обуките во Центарот, проверки во воздух и останати проверки на стандардите.

Член 28

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил:Драги Арнаутовски;
Емилија Ралева;
Елвин Ејуб;
Комтолирал: Митар Петковски
Одобрил: плк Валентин Иваноски;
Милан Андоновски

Бр. 01-293/1 2011 год.
Скопје
10-01-2012

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
Д-р Фатмир Бесими

Scanned by CamScanner

Образложение

Правен основ за донесување на правилникот е член 140 став 1 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр.14/06, 24/07, 103/08 и 67/10), според кој стручната подготовка и стручната оспособеност на персоналот во воздухопловството, кој врши и обезбедува работи од значење за безбедноста на воздухопловството, која се однесува на државите воздухоплови се стекнува во соодветни установи во Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

Заради непречено извршување на работите за кои е формиран Центарот за обука на воени пилоти, кои се состојат во спроведување на интегрирана, модулирана, теоретска и практична обука на воени пилоти кои се оспособуваат и обучуваат да управуваат со воени воздухоплови, се наметна потребата за донесување на предметниот правилник.

Со правилникот се пропишуваат условите кои треба да ги исполнува Центарот за издавање на уверение за оспособеност за обука на воените пилоти, кое го издава Министерството за одбрана - Службата- Воено воздухопловен авторитет, раководната структура и стручниот кадар кој ја спроведува обуката, видовите на обуките кои се спроведуваат во Центарот, издавање на сертификати на кандидатите кои ги завршиле обуките и другите работи кои ги извршува Центарот.

Правилникот нема да се објави во „Службен весник на Република Македонија", од причина што со него се пропишува материја која се однесува на одредена категорија на лица- воен персонал, што на истиот му дава карактер на интерен акт.

Согласно наведеното се предлага министерот за одбрана да го донесе правилникот во предложениот текст.

Scanned by CamScanner

Прилог бр. 1

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRY OF DEFENSE
СЛУЖБА - ВОЕНО ВОЗДУХОПЛОВЕН АВТОРИТЕТ
SERVICE – MILITARY AVIATION AUTHORITY

У В Е Р Е Н И Е З А О С П О С О Б Е Н О С Т
Approval Certificate

Ова уверение се издава на:
This certificate is issued to:

ЦЕНТАР ЗА ОБУКА НА ПИЛОТИ

Број:
Number:

MKD – FTO – 000

Врз основа Правилникот за условите кои треба да ги исполнува Центарот за обука на воени пилоти за издавање на уверение за оспособеност за обука, видовите на обуките и другите работи кои ги извршува, се утврди дека Центарот за обука на воени пилоти ги исполнува условите за издавање на уверение за оспособеност, да работи како регистриран Центар за обука на воени пилоти на авиони и хеликоптери во летање и за спроведување на следните летачки програми:

Regarding the Rules for conditions that the military pilots training center should accomplish prior to issuance of certificate of qualification for training, types of training and other works carried out, it has been confirmed that the military pilots training center has fulfilled the criteria for certification and is empowered to operate as registered training center for military pilots on aircraft and helicopters for conducting the following flight programs:

Датум на издавање:
Date of issue:

Потпис:
Signature:

Scanned by CamScanner

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRY OF DEFENSE
СЛУЖБА - ВОЕНО ВОЗДУХОПЛОВЕН АВТОРИТЕТ
SERVICE – MILITARY AVIATION AUTHORITY

ПРИЛОГ КОН УВЕРЕНИЕТО ЗА ОСПОСОБЕНОСТ *Annex to Approval Certificate*	MKD – FTO – 000

1. РАКОВОДСТВО НА ЦЕНТАРОТ ЗА ОБУКА НА ПИЛОТИ:
   Training Organization Management

- РАКОВОДИТЕЛ НА ЦЕНТАРОТ *Head of Training*	
- РАКОВОДИТЕЛ НА ПРАКТИЧНАТА ОБУКА *Chef Flying Instructor*	
- РАКОВОДИТЕЛ НА ТЕОРЕТСКА ОБУКА *Chef Ground Instructor*	
- МЕНАЏЕР ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ОБУКАТА *Quality Manager*	

2. ОДОБРЕНИ ПРИРАЧНИЦИ:
   Approved Manuals

Прирачници *Manuals*	Датум *Date*	Измена бр. *Revision no.*	Забелешка *Remark*
Оперативен прирачник *Operations Manual*			
Прирачник за обука *Training Manual*			

3. ВОЗДУХОПЛОВИ ЗА ОБУКА
   Training aircraft

1.	
2.	

Датум на издавање:
Date of issue:

МП

Потпис:
Signature

Scanned by CamScanner